Врз основа на членот 16 од Законот за политичките партии („Службен весник на РМ" бр. 76/04, 5/07, 8/07 и 23/13) и согласно членот 5 од Одлуката за основање на Политичката партија НОВА РЕПУБЛИКА, Основачкиот конгрес на Политичката партија НОВА РЕПУБЛИКА (натаму: Партијата, НОВА РЕПУБЛИКА), одржан на 21 август 2025 година го донесе следниот

# СТАТУТ
# НА ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЈА „НОВА РЕПУБЛИКА"

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

**Името на Партијата е „Политичка партија НОВА РЕПУБЛИКА"**, скратеното име на Партијата е „НОВА РЕПУБЛИКА", а кратенката на Партијата е „НоРа".

**Член 2**

**НОВА РЕПУБЛИКА е национално-центристичка партија** втемелена на принципите: слобода, демократија, републиканско уредување, владеење на правото и претприемништво.

**Член 3**

(1) **Политичката партија НОВА РЕПУБЛИКА** има својство на **правно лице**.

(2) Партијата е **самостојна** во утврдувањето и остварувањето на своите цели и активности согласно Уставот, законите и позитивните прописи во Република Северна Македонија (натаму: Северна Македонија, РСМ) и овој Статут на Партијата (натаму: Статутот).

**Член 4**

**Седиштето** на Партијата (понатаму: Седиштето) **е во Скопје**.

**Член 5**

(1) НОВА РЕПУБЛИКА има свој **амблем, грб и знаме**.

(2) Одлука за амблемот, грбот и знамето на Партијата донесува Конгресот на НОВА РЕПУБЛИКА (натаму: Конгресот) со мнозинство гласови од вкупниот број делегати.

**Член 6**

(1) НОВА РЕПУБЛИКА има **кружен печат и правоаголен штембил** на Партијата.

(2) Одлука за содржината на печатот и штембилот на Партијата донесува Конгресот.

(3) Правилник за изработката, чувањето и употребата на печатот и штембилот на Партијата донесува Претседателството на Партијата (натаму: Претседателството) согласно законот.

**Член 7**

(1) НОВА РЕПУБЛИКА има **партиска химна.**

(2) Одлука за содржината и употребата на партиската химна донесува Националниот одбор на Партијата (натаму: Националниот одбор) со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

## II. ПОЛИТИЧКИ ЦЕЛИ, МЕТОДИ И СРЕДСТВА, НАЧЕЛА И ЈАВНОСТ НА НОВА РЕПУБЛИКА

**Член 8**

(1) **Политички цели** на НОВА РЕПУБЛИКА се:

- **а)** модерна нација на просперитетни граѓани во функционална пазарна економија со развиено претприемништво и услови за економска иницијатива;
- **б)** реиндустријализација и технолошки напредок за одржлива и развојна економија;
- **в)** владеење на правото и ред во унитарна и хумана Република;
- **г)** функционални институции без толеранција кон корупцијата;
- **д)** парламентарна демократија со реална поделба на власта и претставеност;
- **ѓ)** децентрализирана локална самоуправа и оптимално деконцентрана власт;

е) граѓанско општество за остварување и унапредување на личните и колективните човекови и граѓански права и слободи;
ж) одговорно управување со државните и јавните финансии и ресурси;
з) квалитетни, одржливи и достапни јавни системи на образование, здравствена услуга и социјална заштита;
ѕ) секуларна држава за суштинска меѓуверска толеранција како општествена вредност;
и) здрава животна средина и храна за граѓаните на Северна Македонија;
ј) надворешна политика втемелена на меѓународно право, добрососедство, регионална соработка и полноправно членство на државата во ЕУ, и
к) одбранбена политика во системот на сојузништвото на НАТО и заедничката одбранбена политика на ЕУ.

**(2)** Органите на Партијата ги разразботуваат политичките цели од ставот (1) на овој член од Статутот во **Програмска платформа** на Партијата (натаму: Програмска платформа) и во други политички документи врз основа на Програмската платформа, согласно Статутот.

**Член 9**

За остварување на своите политички цели, НОВА РЕПУБЛИКА користи демократски и ненасилни **методи и** парламентарни и вонпарламентарни **средства**, соработува со сродни партии, организации и фондации од земјата и странство и создава свој истражувачки аналитички институт, согласно Статутот и законот.

**Член 10**

Членот на Партијата ги гради и остварува политичките цели на НОВА РЕПУБЛИКА поединечно и колективно преку органите на Партијата на национално и локално ниво, согласно **начелата** на:

а) **лично уверување**: партискиот член слободно изнесува мислења, предлага и гласа за ставови, активности и кадровски решенија на Партијата, согласно Статутот;
б) **статутарност**: актите на органите на Партијата, на општински(те) клуб(ови) на Партијата (натаму: општински клуб/ови, ОК) и на форум(ите) на Партијата (натаму: форум/и) мора да се во согласност со Статутот и Програмската платформа;
в) **задолжителност на мнозинската одлука**: партискиот член задолжително ги спроведува активностите и во јавноста ги застапува партиските политики утврдени од органите на Партијата, независно од личниот став во постапката на нивното утврдување;
г) **партиски активизам**: партискиот член ги спроведува партиските задачи со личен ангажман, а дополнително може да придонесува за нивното остварување со свое знаење, вештина или материјално-финансиска поддршка;
д) **транспарентност**: партискиот член има право на пристап до редовни извештаи за работењето на органите на општинските клубови и на Партијата, согласно Статутот;
ѓ) **инклузивност и репрезентативност**: органите на општинските клубови и на Партијата се стремат кон одлучување низ што поширок консензус и кон соодветна родова, возрасна, образовна, етничка и друга застапеност на членовите во нивниот состав.

**Член 11**

**(1)** **Работата на НОВА РЕПУБЛИКА е јавна** и се обезбедува преку известување за активностите и ставовите со соопштенија, ПРЕС-конференции и медиумски настапи на нејзини претставници; достапност на редовни извештаи за работата на нејзините органи и материјално-финансиското работење; присуство на седниците на органите и телата и сл.

**(2)** За јавност во работата, со одлука на Претседателството, Партијата основа веб-страна (каде се објавуваат одлуките на органите на Партијата и општинските клубови соодветно, односно активностите на нивните претставници); профили на социјалните мрежи на кои се пренесуваат и содржини од веб-страната, како и свои гласила во согласност со закон.

**(3)** По исклучок од ставот (1) на овој член, јавноста при работата на органите и телата на Партија-

та и општинските клубови може да се исклучи со одлука донесена со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број нивни членови (натаму: 2/3 мнозинство).

## III. ЧЛЕНСТВО ВО НОВА РЕПУБЛИКА

### Член 12

**(1)** **Членството во НОВА РЕПУБЛИКА** е доброволно.

**(2)** Член на НОВА РЕПУБЛИКА (натаму: партиски член) може да биде секој полнолетен граѓанин – државјанин на Република Северна Македонија кој ги прифаќа Статутот и Програмската платформа и е подготвен активно да придонесува во остварувањето на политичките цели на Партијата, во постапка согласно Статутот.

### Член 13

**(1)** Граѓанинот од членот 12 став (2) од Статутот пристапува кон Партијата со поднесување Пристапница кон НОВА РЕПУБЛИКА (натаму: Пристапница) преку хартиен или електронски образец до Седиштето.

**(2)** За поднесената Пристапница Седиштето го известува ОК во општината каде живее подносителот на Пристапницата во рок од 10 дена од нејзиниот прием.

**(3)** Секој партиски член има право на приговор по пристапувањето од ставот (1) на овој член од Статутот во рок од 10 дена од приемот на известувањето во ОК, особено доколку има сомнеж во намерите и вредностите на подносителот на пристапницата или доколку подносителот на Пристапницата јавно, на медиум или социјална мрежа изнесувал ставови спротивни на Статутот, Програмската декларација и ставовите на Партијата.

**(4)** Претседателството одлучува по приговорот од ставот (3) на овој член од Статутот на следната седница со мнозинство гласови од вкупниот број членови, неговата одлука е конечна и за неа ги известува подносителите на Пристапницата и на приговорот.

**(5)** Пристапницата по која не е поднесен приговор во рокот од ставот (3) на овој член од Статутот се смета за прифатена.

### Член 14

**(1)** Партискиот член ги остварува следните **права**:

- **а)** предлага политики, активности и ставови на општинскиот клуб и на Партијата согласно Статутот и актите на ОК односно на Партијата соодветно;
- **б)** се информира за активностите на ОК и на Партијата;
- **в)** остварува увид и контрола врз прибавувањето, користењето и располагањето со средствата на Партијата на начин утврден со закон и со Статутот;
- **г)** одлучува по сопствено уверување во органите на ОК и на Партијата соодветно;
- **д)** избира и го избираат во органите и телата на ОК и на Партијата, согласно Статутот, и
- **ѓ)** предлага кандидати и го предлагаат за јавни и државни функции преку органите на ОК и/или на Партијата, согласно актите на Партијата и Статутот.

**(2)** Партискиот член ги остварува следните **должности**:

- **а)** спроведува партиски активности согласно актите на Партијата;
- **б)** се придржува до Статутот и Програмската платформа во своите активности во Партијата и до ставовите и насоките на органите на НОВА РЕПУБЛИКА при гласањето во претставничките и извршните органи во државата односно единиците на локалната самоуправа соодветно;
- **в)** ги застапува партиските ставови на НОВА РЕПУБЛИКА во секојдневната комуникација и особено во своите настапи на медиумите, односно социјалните мрежи, и
- **г)** плаќа членарина.

**(3)** Партискиот член кој не ги спроведува должностите од ставот (2) од овој член од Статутот не може да ги остварува правата од членот 14, алинеи д) и ѓ) од Статутот.

**Член 15**

Националниот одбор донесува Кодекс на НОВА РЕПУБЛИКА со мнозинство од вкупниот број членови, со кој особено се утврдуваат стандардите и принципите на однесување и постапување на партиските членови при одлучувањето во органите на Партијата, остварувањето на активностите на Партијата, застапувањето на нејзините ставови во јавноста и однесувањето при извршувањето јавни функции на кои се избрани по предлог на Партијата.

**Член 16**

**(1)** Членот ги остварува правата и должностите согласно Статутот откако неговата Пристапница е внесена во Регистерот на членови на НОВА РЕПУБЛИКА (натаму: Регистерот).

**(2)** Регистерот се води во Седиштето на Партијата според Правилник за евиденција на партиските членови и регистрираните поддржувачи што го донесува Националниот одбор и за неговото водење е одговорен првиот секретар на Партијата (натаму: првиот секретар).

**Член 17**

**(1)** За утврдување **одговорност на партискиот член**, по предлог на партиски член или на орган на ОК односно на Партијата, извршниот одбор односно Претседателството соодветно, во рок од 7 дена од поднесувањето на предлогот, а најдоцна на следната седница изрекуваат дисциплински мерки против партискиот член кој со своите активности:

- **а)** го прекршил Статутот на Партијата;
- **б)** нанел материјална, финансиска или политичка штета на Партијата;
- **в)** дејствувал спротивно на Статутот, Програмската платформа или акт на орган на Партијата, и/или
- **г)** станал недостоен за членство или вршење должност во Партијата, односно јавна или државна функција по предлог од Партијата.

**(2)** Органите од ставот (1) со одлука изрекуваат дисциплински мерки:

- **а)** јавна опомена на партискиот член;
- **б)** предлог за разрешување од должност во органите на општинскиот клуб и/или Партијата (натаму: предлог за разрешување), и
- **в)** исклучување од членството во Партијата (натаму: исклучување).

**(3)** Со цел спречување дополнителна штета по Партијата поради дејствување на партискиот член спротивно на Статутот, Програмската платформа или акт на орган на Партијата, односно поради дејство со кое станал недостоен за членство во Партијата, одлуката за изрекување на дисциплинската мерка исклучување од членството во Партијата во итни случаи ја донесува претседателот на Партијата.

**Член 18**

За дејствување на партискиот член спротивно на Статутот и/или Програмската платформа на Партијата особено се смета:

- **а)** истовремено членство во друга поличка партија или кандидирање на кандидатска листа за избори на друга партија или независна листа;
- **б)** промовирање или припадност во организација чии цели се спротивни на политичките цели на Партијата;
- **в)** постапување во претставничките и органите на извршната власт во државата или во единицата на локалната самоуправа спротивно на одлуките, ставовите и упатствата на Партијата или непридржување кон одлуките, ставовите и упатствата на Партијата во истите;
- **г)** давање изјави во јавноста, на медиум или на социјална мрежа спротивни на Статутот, Програмската платформа, ставовите и актите на органите на Партијата;
- **д)** прифаќање јавна или државна функција по предлог од друга партија;
- **ѓ)** објавување или откривање во јавноста на доверливи акти, документи или активности на Партијата;

**е)** проневера или злоупотреба на материјални и финансиски средства на Партијата, и
**ж)** постапка или активност на членот што го прави недостоен за членство во Партијата.

**Член 19**

**(1)** Во однос на актите со кои се изрекуваат дисциплинските мерки, надзорниот односно Контролниот одбор соодветно, со одлука: ги потврдуваат, ги укинуваат и враќаат на повторно одлучување на органот кој ги донел или ги укинуваат и преиначуваат.
**(2)** Партискиот член на кој му е изречена дисциплинска мерка има право на жалба по актот за изрекување дисциплинска мерка (натаму: жалба) во рок од 7 дена од нејзиното објавување на веб-страната на Партијата, до:
- **а)** надзорниот одбор, против одлуката за изрекување дисциплинска мерка од извршниот одбор, или
- **б)** Контролниот одбор, против одлуката на надзорниот одбор по жалбата од алинејата а) на ставот (2) од овој член на Статутот или против актот за изрекување дисциплинска мерка од Претседателството односно претседателот на Партијата соодветно.

**(3)** Жалбата поднесена по истекот на предвидениот рок ќе се отфрли како ненавремена.
**(4)** Дисциплинската мерка против која не е изразена жалба стапува во сила осмиот ден од нејзиното објавување на веб-страната на Партијата.

**Член 20**

**(1)** <u>**Членството во НОВА РЕПУБЛИКА** престанува</u>:
- **а)** во случај на смрт или трајно губење на деловната способност;
- **б)** со изјава за истапување од членство во Партијата поднесена до ОК или до Седиштето, односно дадена во медиум или на социјална мрежа;
- **в)** со зачленување во друга политичка партија, и
- **г)** со исклучување од членството во Партијата.

**(2)** Престанокот на членството во Партијата со решение го констатира првиот секретар:
- **а)** по основа на ставот (1) алинеи а), б) и в) од овој член од Статутот по добиено известување од извршниот одбор, односно по сопствена иницијатива соодветно, и
- **б)** по основа на ставот (1) алинеја г) од овој член од Статутот, по завршувањето на постапката од членот 19 ставови (2), (3) и (4) од Статутот соодветно.

### III.А. Регистриран поддржувач на НОВА РЕПУБЛИКА

**Член 21**

**(1)** <u>**Регистриран поддржувач на НОВА РЕПУБЛИКА**</u> (натаму: регистриран поддржувач) може да биде секој граѓанин на Северна Македонија кој не е член на друга политичка партија и се согласува со политичките цели од членот 8 став (1) од Статутот.
**(2)** Граѓанинот од ставот (1) на овој член од Статутот може да стане регистриран поддржувач со поднесување Изјава за поддршка на Партијата (натаму: Изјава) преку хартиен или електронски образец до Седиштето. Седиштето го известува ОК во општината каде тој живее за поднесената Изјава во рок од 10 дена од нејзиниот прием.
**(3)** Откако неговата Изјава е внесена во Списокот на регистрирани поддржувачи (натаму: Списокот) што се води во Седиштето на Партијата според Правилникот од членот 16 став (2) од Статутот, регистрираниот поддржувач:
- **а)** има право да присуствува на седници на колективните органи на ОК, Партијата и форумите по нивна покана, и
- **б)** должен е да учествува во спроведувањето на активностите на Партијата, општинските клубови и форумите согласно актите на ОК и Партијата соодветно.

**Член 22**

Регистрираниот поддржувач се брише од Списокот со решение на првиот секретар по барање

на регистрираниот поддржувач или по предлог на орган на ОК односно на Партијата, поради негово:

- **а)** зачленување во друга партија;
- **б)** промовирање или припадност во организација чии цели се спротивни на политичките цели на Партијата;
- **в)** неисполнување на должностите од членот 21 став (3) алинеја б) од Статутот;
- **г)** давање изјави во јавноста, на медиум или на социјална мрежа спротивни на политичките цели, Статутот, Програмската платформа и ставовите на органите на Партијата, и
- **г)** постапка или активност што го прави недостоен за афилијација со Партијата.

## IV. ОРГАНИЗИРАЊЕ И ОДЛУЧУВАЊЕ НА ПАРТИСКИТЕ ЧЛЕНОВИ ВО НОВА РЕПУБЛИКА

### Член 23

**(1)** **НОВА РЕПУБЛИКА дејствува на територијата на Северна Македонија**.

**(2)** Партиските членови се организирани:

- **а)** по место на живеење, во општински клуб чие подрачје на дејствување соодветствува со подрачјето на единицата на локалната самоуправа во која е формиран и,
- **б)** по возраст, полова и друга припадност, во соодветен форум согласно Статутот.

### Член 24

**(1)** Партиските членови одлучуваат непосредно во собранијата на општинските клубови и форумите на Партијата и посредно (преку избрани делегати на Конгресот и членови на органите на општинските клубови и Партијата соодветно), согласно Статутот.

**(2)** Членовите на органите на општинските клубови и на НОВА РЕПУБЛИКА се избираат односно именуваат соодветно од редот на партиските членови, согласно Статутот.

## V. МАНДАТИ, РАБОТА И ОДЛУЧУВАЊЕ, ДЕАКУМУЛАЦИЈА НА ФУНКЦИИ И СПРЕЧУВАЊЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ ВО ОРГАНИТЕ ВО НОВА РЕПУБЛИКА

### Член 25

**(1)** **Мандатот на органите на општинските клубови** трае 2 години со право на повторен избор.

**(2)** **Мандатот на органите на НОВА РЕПУБЛИКА** трае 4 години со право на повторен избор.

**(3)** Доколку партискиот член е избран на функција која согласно Устав или закон е неспоива со вршењето партиска должност, неговиот мандат во органот на општинскиот клуб односно во Партијата се става во мирување со денот на изборот на функцијата.

**(4)** Изборот на органите на општинските клубови и на Партијата се врши најмалку 30 дена пред истекот на нивниот мандат. Доколку при гласањето изборот не е извршен, постапката се повторува во рок од 30 дена и за тоа време органите ја извршуваат должноста, освен доколку не е поинаку утврдено со Статутот.

### Член 26

**(1)** **Престанок на должноста** во органите на ОК и на НОВА РЕПУБЛИКА настанува:

- **а)** со истек на мандатот;
- **б)** пред истекот на мандатот, во случај на: смрт, оставка, губење деловна способност, престанок на членството во Партијата, трајна спреченост за вршење на функцијата, или
- **в)** со разрешување од должноста пред истекот на мандатот.

**(2)** Локалниот, извршниот односно Националниот одбор констатира престанок на должноста односно одлучува по предлогот за разрешување од своја надлежност согласно ставот (1) алинеи б) и в) од овој член од Статутот на следната седница.

**(3)** По предлогот за разрешување од своја надлежност, Собранието на ОК (натаму: собранието) одлучува во рок од 30 дена, а Конгресот во рок од 90 дена, согласно Статутот.

**Член 27**

Одредени партиски функции и должности во Партијата можат да се вршат и со засновање работен однос или професионален ангажман со паричен надомест за времетраењето на мандатот односно извршувањето на должноста согласно одлука на Претседателството.

**Член 28**

**(1)** **Секој колективен орган на одлучување** (натаму: колективен орган) на ОК (локален, извршен, надзорен одбор и собрание) и на НОВА РЕПУБЛИКА (Конгрес, Национален, Контролен одбор и Претседателство) **работи на седница** доколку се присутни повеќе од 1/3 од вкупниот број негови членови и полноважно одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на колективниот орган.

**(2)** За присутен на седницата ќе се смета и членот на колективниот орган кој, од оправдани причини, не може да присуствува на седницата, а писмено или електронски се изјаснил по точките од дневниот ред, како и членот на колективниот орган кој учествува на седницата преку аудио односно видео-конференциска врска.

**(3)** Актот за свикување односно поканата за седницата на колективниот орган ги содржи денот, времето, местото на одржување и предложениот дневниот ред на седницата.

**(4)** За работата на седниците на колективните органи се води записник.

**(5)** Секој колективен орган донесува Деловник за работа со кој особено се уредува свикувањето, работењето и одлучувањето на седниците, водењето и усвојувањето записници од седниците и видот и работењето на неговите работни тела, согласно Статутот.

**Член 29**

**Колективниот орган одлучува** со мнозинство гласови од присутните членови освен во случаи утврдени со Статутот и со јавно гласање освен доколку со 2/3 мнозинство од вкупниот број негови членови одлучи гласањето за одредено прашање да биде тајно.

**Член 30**

Предлозите за избор и разрешување, предлозите на актите што ги донесуваат органите на ОК и Партијата, приговорите, предлозите за дисциплински мерки и жалбите по нив, како и другите документи по кои одлучуваат органите на општинските клубови и на Партијата се поднесуваат писмено во хартиена или електронска форма и образложено.

**Член 31**

Со цел **деакумулација на функции и спречување судир на интереси**, партискиот член:

**а)** извршува само по една функција во (колективен) орган на општински клуб и на Партијата, освен во случаите утврдени со Статутот;

**б)** членува само во еден управен односно надзорен одбор на трговско друштво во мнозинска јавна или државна сопственост, и

**в)** при одлучување за избор или разрешување во органите на ОК и на Партијата и за предлагање кандидати за јавна или државна функција се иззема од гласање за негов брачен партнер, роднина до трета линија на сродство/кумство или содружник во компанија.

## VI. ОПШТИНСКИ КЛУБ НА НОВА РЕПУБЛИКА

**Член 32**

**(1)** За спроведување активности и утврдување партиски политики на НОВА РЕПУБЛИКА во општината кадешто живеат, партиските членови се организираат во **општински клуб (ОК)**.

**(2)** Претседателот на Партијата со решение именува иницијативен одбор задолжен за организирање собрание за избор на органите на ОК којшто ги спроведува активностите на Партијата на подрачјето на општината до формирањето на општинскиот клуб.

**(3)** Претседателството донесува одлука за основање или укинување на општински клуб.

**Член 33**

**(1)** Доколку ОК не се придржува кон Статутот, ставовите и актите на органите на Партијата, Претседателството донесува одлука за распуштање на органите на ОК со мнозинство гласови од вкупниот број членови по предлог на претседателот на Партијата, првиот секретар или Контролниот одбор.

**(2)** Претседателот на Партијата со решение именува вршител на должноста претседател на ОК во рок од 15 дена од донесувањето на одлуката на Претседателството од ставот (1) на овој член од Статутот и тој е задолжен за свикување собрание коешто избира нови органи на ОК.

**Член 34**

**(1)** За спроведување на активностите на НОВА РЕПУБЛИКА на подрачјето на избирачки одбор, населба или кварт согласно акт на извршниот одбор, најмалку 5 партиски членови се организираат во **локален одбор (ЛО)** и тој избира претседател и секретар на ЛО.

**(2)** Извршниот одбор донесува одлука за формирање или укинување локален одбор.

**(3)** Доколку локалниот одбор не се придржува кон Статутот, Програмската платформа или актите на органите на ОК односно на Партијата, извршниот одбор донесува одлука за разрешување на претседателот и секретарот на ЛО со мнозинство гласови од вкупниот број членови, по предлог на орган на општинскиот клуб.

**(4)** Претседателот на ОК со решение именува вршител на должноста претседател на ЛО во рок од 7 дена од донесувањето на одлуката од ставот (3) на овој член, а локалниот одбор избира нов претседател и секретар на ЛО во рок од 30 дена.

**Член 35**

**Органи на ОК** се собрание, претседател на ОК, извршен одбор и надзорен одбор.

**Член 36**

**(1)** **Собранието** е највисок колективен орган на ОК во кој сите партиски членови во општината се делегати и тоа:

- **а)** донесува периодични насоки за работа на општинскиот клуб;
- **б)** донесува политички документи (програми, ставови и сл.) за прашања од значење за граѓаните во единицата на локалната самоуправа;
- **в)** усвојува годишни извештаи за работата на органите на ОК и за работата на членовите на Советот и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа од Партијата;
- **г)** утврдува предлози и иницијативи до органите на Партијата;
- **д)** избира и разрешува членови на извршниот и надзорниот одбор од редот на делегатите согласно Статутот;
- **ѓ)** избира работни тела (Работно претседателство, Верификациона комисија, Кандидациона комисија, записничар и двајца заверувачи на записникот), и
- **е)** остварува и други права и должности што ќе му ги доверат органите на Партијата, произлегуваат од актите на органите на Партијата и согласно Статутот.

**(2)** Со одлука на Извршниот одбор, на Собранието без право на глас може да присуствуваат и регистрираните поддржувачи на НОВА РЕПУБЛИКА во општината.

**Член 37**

**(1)** Собранието се одржува најмалку еднаш годишно во месец март, по решение на претседателот на ОК.

**(2)** Собранието може да се одржи и пред рокот утврден во ставот (1) од овој член од Статутот со одлука на извршниот одбор донесена со мнозинство гласови од вкупниот број членови, по предлог на најмалку 3 члена на извршниот одбор, најмалку 1/3 од вкупниот број делегати на собранието, најмалку 3 локални одбори или надзорниот одбор или согласно членот 33 став (2) од Статутот.

**(3)** Собранието се одржува во рок од 15 до 60 дена од негово свикување и на него без право на глас задолжително присуствува член на Националниот одбор определен од претседателот на Партијата.

**(4)** Доколку Собранието се свикува:

- **а)** согласно ставот (1) алинеи а) и б) на овој член од Статутот, до изборот на Работното претседателство со него претседава претседателот на ОК.
- **б)** согласно ставот (1) алинеја в) на овој член од Статутот, до изборот на Работното претседателство со него претседава лицето определено со одлуката на извршниот одбор за свикување на Собранието, и
- **в)** согласно членот 33 став (2) од Статутот, до изборот на Работното претседателство со него претседава вршителот на должноста претседател на ОК.

**Член 38**

**(1)** <u>**Претседателот на ОК**</u> е индивидуален извршно-политички орган на општинскиот клуб, претседател на извршниот одбор и тој:

- **а)** ја води кадровската политика на општинскиот клуб;
- **б)** ги потпишува актите на собранието и извршниот одбор,
- **в)** одговара за спроведувањето на актите на органите на ОК и на Партијата, и
- **г)** остварува и други права и должности што ќе му ги доверат органите на ОК и на НОВА РЕПУБЛИКА или произлегуваат од актите на органите на Партијата и Статутот.

**(2)** Должноста претседател на ОК е неспоива со вршењето должности во форум.

**Член 39**

**(1)** Собранието избира претседател на ОК со мнозинство гласови од вкупниот број делегати по предлог на извршниот одбор, најмалку 3 локални одбори и/или најмалку 20% од делегатите. Доколку во првиот круг од гласањето ниту еден кандидат не го добие потребното мнозинство, во вториот круг се гласа за еден од двајцата кандидати коишто освоиле најмногу гласови во првиот круг, а избран е кандидатот за кого гласале мнозинството од присутните делегати.

**(2)** Предлог за разрешување на претседателот на ОК може да поднесат најмалку 1/3 од вкупниот број делегати, мнозинство од вкупниот број членови на извршниот одбор, надзорниот одбор и најмалку 3 локални одбори и по него собранието гласа со мнозинство гласови од вкупниот број делегати.

**(3)** Со престанок на мандатот на претседателот на ОК престанува мандатот на извршниот и надзорниот одбор, по што собранието избира нов состав на органите на ОК.

**Член 40**

<u>**Извршниот одбор**</u> е највисок колективен орган на ОК меѓу две собранија и тој:

- **а)** утврдува предлози на документите што ги донесува Собранието;
- **б)** зазема ставови и заклучоци по прашања од надлежност на органите на единицата на локалната самоуправа и ја следи работата на членовите на НОВА РЕПУБЛИКА во нив;
- **в)** по предлог на претседателот на ОК избира и разрешува потпретседател и секретар на ОК од редот на своите членови;
- **г)** избира и разрешува делегати на Конгресот од општинскиот клуб;
- **д)** предлага активности и кандидати за јавни функции до органите на Партијата;
- **ѓ)** предлага кандидати за функции што ги избира Советот на единицата на локалната самоуправа;
- **е)** одлучува за промени во својот состав од најмногу 20% од вкупниот број избрани членови;
- **ж)** формира работни тела, и
- **з)** остварува и други права и должности што ќе му ги довери собранието, орган на Партијата или произлегуваат од актите на органите на Партијата и Статутот.

**Член 41**

(1) Извршниот одбор го сочинуваат:
   а) од 5 до 9 членови избрани од собранието од редот на неговите делегати, по предлог на претседателот на ОК утврден по сопствена иницијатива и/или во консултација со локалните одбори и форумите во единицата на локалната самоуправа;
   б) од 5 до 9 членови именувани од претседателот на ОК по сопствена иницијатива од редот на партиските членови во единицата на локалната самоуправа, и
   в) членови по функција: претседателот на ОК, претседателите на локалните одбори, претседателите на форумите на млади и жени за НОВА РЕПУБЛИКА и градоначалникот и членовите на Советот во единицата на локалната самоуправа од Партијата.

(2) Предлог за разрешување на избран член на извршниот одбор може да поднесат претседателот на ОК, локалниот одбор од кој е предложен и/или надзорниот одбор.

(3) Претседателот на ОК може да разреши именуван член на извршниот одбор по сопствена иницијатива или по предлог на локален одбор, надзорниот одбор и/или најмалку 3 членови на извршниот одбор.

(4) Предлог за разрешување на извршниот одбор може да поднесат претседателот на ОК, надзорниот одбор, најмалку 3 локални одбори или најмалку 1/3 од вкупниот број делегати на собранието.

**Член 42**

(1) Извршниот одбор одржува седници најмалку еднаш на 3 месеци.

(2) Извршниот одбор може да одржи седница и пред рокот утврден во ставот (1) од овој член од Статутот по барање на најмалку 1/3 од вкупниот број членови на извршниот одбор, надзорниот одбор, форум во единицата на локалната самоуправа или најмалку два локални одбори.

(3) Седниците на извршниот одбор ги свикува и со нив претседава претседателот на ОК, а во случај на негова спреченост или отсуство, седниците ги свикува и со нив раководи потпретседателот на ОК.

(4) На седниците на извршниот одбор без право на глас може да присуствуваат и членовите на надзорниот одбор, избраните членови на Националниот одбор од општинскиот клуб и пратениците од Партијата со место на живеење во општината.

**Член 43**

(1) Потпретседателот на извршниот одбор по функција е **потпретседател на ОК** и тој:
   а) му помага на претседателот на ОК во остварувањето на неговите должности;
   б) го заменува претседателот на ОК по негово овластување или од извршниот одбор соодветно, и
   в) остварува и други права и должности доверени од орган на општинскиот клуб, на Партијата или произлегуваат од Статутот.

(2) Предлог за разрешување на потпретседателот на ОК може да поднесат претседателот на ОК, надзорниот одбор, најмалку 1/3 од вкупниот број членови на извршниот одбор и најмалку 3 локални одбори.

**Член 44**

(1) Секретарот на извршниот одбор по функција е **секретар на ОК** и тој:
   а) ги организира седниците на собранието, извршниот и надзорниот одбор;
   б) го организира спроведувањето на активностите на општинскиот клуб;
   в) ги спроведува кадровските постапки во општинскиот клуб;
   г) ги следи активностите на локалните одбори, и
   д) остварува и други права и должности доверени од орган на општинскиот клуб, на Партијата или произлегуваат од Статутот.

(2) Предлог за разрешување на секретарот на ОК може да поднесат претседателот на ОК, надзорниот одбор, најмалку 1/3 од вкупниот број членови на извршниот одбор и најмалку 3 локални одбори.

**Член 45**

<u>**Надзорниот одбор**</u> е колективен надзорен орган на општинскиот клуб и тој:

**а)** врши надзор врз спроведувањето на актите на органите на ОК и на Партијата во ОК;
**б)** врши надзор врз согласноста на актите на органите на општинскиот клуб со актите на органите на НОВА РЕПУБЛИКА, Програмската платформа и Статутот;
**в)** врши вонредна контрола по барање на орган на ОК или на Партијата;
**г)** избира претседател на надзорниот одбор од редот на своите членови;
**д)** остварува и други права и должности што ќе му ги довери орган на Партијата или произлегуваат од актите на органите на Партијата и Статутот.

**Член 46**

**(1)** Надзорниот одбор брои 3 членови избрани по предлог на најмалку 3 делегати.
**(2)** Должноста член на надзорен одбор е неспоива со вршењето друга должност во ОК и со должноста член на Контролниот одбор на НОВА РЕПУБЛИКА.
**(3)** Предлог за разрешување на член на надзорниот одбор може да поднесат најмалку 3 делегати и/или најмалку 2 члена на надзорниот одбор.
**(4)** Предлог за разрешување на надзорниот одбор може да поднесат најмалку 3 локални одбори, најмалку 1/3 од делегатите и/или мнозинство од вкупниот број членови на извршниот одбор. Доколку го разреши надзорниот одбор, собранието на истата седница избира надзорен одбор и потврдува нов мандат на претседателот на ОК и извршниот одбор.

**Член 47**

**(1)** Надзорниот одбор одржува седници најмалку еднаш во 6 месеци.
**(2)** Надзорниот одбор може да одржи седница и пред рокот утврден во ставот (1) од овој член од Статутот по барање на двајца членови на надзорниот одбор, по поднесена жалба по одлука за дисциплинска мерка или по барањето од членот 45 алинеја в) од Статутот.
**(3)** На седниците на надзорниот одбор без право на глас присуствува секретарот на ОК.
**(4)** Седниците на надзорниот одбор ги свикува и со нив претседава претседателот на надзорниот одбор, а во случај на негова спреченост или отсуство, седниците ги свикува и со нив претседава член на надзорниот одбор овластен од извршниот одбор.

### VI.А. Утврдување кандидати на НОВА РЕПУБЛИКА за избори во општинскиот клуб

**Член 48**

Врз основа на Постапка за селекција, утврдување и избор на кандидати на Партијата за локални избори и на Критериуми за кандидати на Партијата за локални, парламентарни односно претседателски избори коишто ги донесува Националниот одбор, собранието односно извршниот одбор соодветно до Националниот одбор:

**а)** предлага листи на кандидати на НОВА РЕПУБЛИКА за членови на Совет и за градоначалник во единицата на локалната самоуправа, и
**б)** номинира кандидати на НОВА РЕПУБЛИКА за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија и за претседател на Републиката.

### VI.Б. Подрачно координирање на општинските клубови

**Член 49**

За координирање на активностите на општинските клубови, утврдување кандидати на НОВА РЕПУБЛИКА за избори и утврдување партиски политики во изборна единица или регион, претседателот на Партијата може да именува <u>координатори</u> од редот на членовите на Нацио-

налниот одбор, со решение во кое се утврдуваат мандатот, делокругот на активности и подрачјето на дејствување на координаторите.

**Член 50**

**(1)** За координирање на активностите на општинските клубови во Градот Скопје (натаму: Градот), утврдувањето кандидати на Партијата за избори и утврдувањето партиски политики за Градот како единица на локалната самоуправа, може да се основа **Градски клуб на НОВА РЕПУБЛИКА** (натаму: Градски клуб, ГК).

**(2)** Претседателството донесува одлука за основање односно укинување на ГК, со која се утврдува и постапката за избор и разрешување на органите на ГК.

**(3)** Претседателот на Партијата со решение именува иницијативен одбор задолжен за организирање собрание за избор на органите на ГК и тој ги спроведува активностите на Партијата на подрачјето на Градот до формирањето на Градскиот клуб.

**(4)** Органи на Градскиот клуб се Собрание, Извршен одбор, Надзорен одбор и претседател на Градскиот клуб и тие ги остваруваат правата и должностите од членовите 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47 и 48 од Статутот за подрачјето на Градот.

**(5)** Градскиот клуб е претставен во органите на Партијата и во нивното одлучување како секој општински клуб, согласно актите на органите на Партијата и Статутот.

## VII. ФОРУМИ НА НОВА РЕПУБЛИКА

**Член 51**

**(1)** За спроведување на активностите на Партијата и утврдување партиски политики за потребите на одредени општествени и популациони групи, партиските членови може да се организираат во соодветен **форум** по возрасна, полова или друга припадност.

**(2)** Претседателството донесува одлука за основање односно укинување на форум.

**(3)** Претседателот на Партијата со решение именува иницијативен одбор задолжен за организирање Конференција на форумот, која донесува Правилник (со кој се уредува организирањето на форумот), Програмска декларација (со која се уредуваат политичките цели на форумот) и ги избира органите на форумот.

**Член 52**

**(1)** Доколку форумот не се придржува кон Статутот, ставовите и актите на органите на Партијата, Претседателството донесува одлука за распуштање на органите на форумот со мнозинство гласови од вкупниот број членови, по предлог на претседателот на Партијата, првиот секретар или Контролниот одбор.

**(2)** Претседателот на Партијата именува вршител на должноста претседател на форумот во рок од 15 дена од донесувањето на одлуката на Претседателството од ставот (1) на овој член од Статутот, а Конференцијата избира нови органи на форумот во рок од 60 дена од донесувањето на решението на претседателот на Партијата.

**Член 53**

**(1)** Најмалку 30 партиски членови и/или регистрирани поддржувачи во Северна Македонија на возраст до 32 години може да се организираат во **Форум на млади за НОВА РЕПУБЛИКА**, со цел креирање младински политики на Партијата.

**(2)** Најмалку 30 партиски членови и/или регистрирани поддржувачи во Северна Македонија од женски пол може да се организираат во **Форум на жени за НОВА РЕПУБЛИКА**, со цел креирање родови политики на Партијата.

**(3)** Најмалку 10 партиски членови и/или регистрирани поддржувачи во Северна Македонија со политичко искуство и експертско познавање може да се организираат во **Програмски форум на НОВА РЕПУБЛИКА**, со цел креирање политики на Партијата.

**(4)** Најмалку 5 партиски членови и/или регистрирани поддржувачи кои живеат во странство може да се организираат во клуб на Партијата за државата во која живеат или престојуваат подолго од шест месеци согласно нејзините закони, а најмалку 3 клубови на Партијата во странство се организираат во **Форум на клубови на Партијата во странство**, согласно Правила што ги донесува Претседателството.

## VIII. ОРГАНИ НА НОВА РЕПУБЛИКА

### Член 54

**Органи на НОВА РЕПУБЛИКА** се Конгресот, претседателот на Партијата, Националниот одбор, Претседателството и Контролниот одбор.

### Член 55

**Конгресот** е највисок колективен орган на НОВА РЕПУБЛИКА и тој:

- **а)** донесува и врши измени и дополнувања на Статутот и Програмска платформа;
- **б)** усвојува периодични насоки и извештаи за работата на Партијата;
- **в)** усвојува документи за материјално-финансиското работење на Партијата;
- **г)** донесува документи (одлуки, декларации, резолуции, заклучоци, препораки и сл.) по партиски, политички, економски и општествени прашања;
- **д)** избира и разрешува претседател на Партијата, членови на Националниот и Контролниот одбор и лице задолжено за материјално-финансиското работење на Партијата од редот на делегатите на Конгресот, согласно Статутот;
- **ѓ)** избира работни тела на Конгресот;
- **е)** решава по предлози, жалби и приговори упатени до Конгресот;
- **ж)** одлучува за здружување со други партии;
- **з)** верификува акти и ставови на Националниот одбор и претседателот на Партијата;
- **ѕ)** одлучува за адресата на Седиштето, и
- **и)** остварува и други права и должности согласно законот или Статутот.

### Член 56

**(1)** Конгресот на НОВА РЕПУБЛИКА го сочинуваат делегати кои се партиски членови:

- **а)** избрани од општинските клубови и форумите;
- **б)** по функција: претседателот на Партијата, Националниот и Контролниот одбор, и
- **в)** најмногу 30 делегати именувани од претседателот на Партијата.

**(2)** Одлуката за бројот и постапката за избор на делегати на Конгресот ја донесува Националниот одбор.

### Член 57

**(1)** Конгресот на НОВА РЕПУБЛИКА се одржува најмалку еднаш на 4 години, по решение на претседателот на Партијата.

**(2)** Конгресот може да се одржи и пред рокот утврден во ставот (1) од овој член од Статутот со одлука на Националниот одбор донесена со мнозинство гласови од вкупниот број членови, по предлог на претседателот на Партијата, Претседателството, најмалку 30 извршни одбори или Контролниот одбор.

**(3)** Конгресот се одржува во рок од 15 до 90 дена од негово свикување.

### Член 58

**(1)** **Претседателот на НОВА РЕПУБЛИКА** е политички лидер на Партијата, претседател на Националниот одбор и Претседателството и тој:

- **а)** предлага политички ставови, активности и документи до органите на Партијата и ги застапува истите во јавноста;
- **б)** ја води кадровската политика на Партијата;

в) донесува одлуки, наредби, директиви и решенија согласно Статутот;
г) ги свикува и претседава со седниците на Конгресот, Националниот одбор и Претседателството, согласно Статутот;
д) ги потпишува актите на Конгресот, Националниот одбор и Претседателството и финансиските документи на Партијата, и
ѓ) остварува и други права и должности доверени од Конгресот, Националниот одбор и Претседателството или произлегуваат од законите и Статутот.

(2) Функцијата претседател на Партијата е неспоива со вршењето друга должност во Партијата, општински клуб или форум.

**Член 59**

(1) Конгресот избира претседател на НОВА РЕПУБЛИКА со мнозинство гласови од вкупниот број делегати по предлог на најмалку 30 извршни одбори, Националниот одбор и/или најмалку 20% од вкупниот број делегати. Доколку ниту еден кандидат не го добие потребното мнозинство во првиот круг од гласањето, во вториот круг се гласа за еден од двајцата кандидати коишто освоиле најмногу гласови во првиот круг, а избран е кандидатот за кого гласале мнозинството од присутните делегати.

(2) Предлог за разрешување на претседателот на Партијата може да поднесе Националниот одбор со одлука на мнозинство од вкупниот број членови по иницијатива на најмалку 30 извршни одбори, најмалку 1/3 од вкупниот број делегати на Конгресот или на Контролниот одбор и по него Конгресот одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број делегати.

(3) Со престанок на мандатот на претседателот на Партијата престанува мандатот на Националниот одбор, Претседателството и Контролниот одбор, по што Конгресот врши избор на нови органи на Партијата.

**Член 60**

**Националниот одбор** е највисок колективен орган на НОВА РЕПУБЛИКА меѓу два конгреси и тој:

а) утврдува предлози на конгресните документи и ги спроведува актите на Конгресот;
б) донесува партиски ставови, документи и заклучоци на Партијата за работата на властите во РСМ и за политички, економски и други прашања меѓу два конгреси;
в) одлучува за измена и дополнување на Програмската платформа, Статутот и адресата на Седиштето меѓу два конгреси;
г) донесува Финансиски план и Завршна сметка на Партијата;
д) избира и разрешува потпретседатели, прв секретар и членови на Претседателството од редот на своите членови по предлог на претседателот на Партијата;
ѓ) избира кандидати на Партијата за пратеници и за функции што ги избира Собранието на РСМ и одлучува за поддршка на кандидат за претседател на Републиката по предлог на Претседателството;
е) верификува конечни листи на кандидати на Партијата за локални избори, акти и ставови на Претседателството и претседателот на Партијата и правилници за работа на форумите на Партијата;
ж) одлучува за коалиција со други политички партии во Северна Македонија и за поддршка на независни (листи на) кандидати, по предлог на претседателот на Партијата;
з) одлучува за членување на Партијата во сродни регионални, континентални и меѓународни политички асоцијации,
ѕ) одлучува за промени во својот состав од најмногу 20% од вкупниот број избрани членови и за избор и разрешување на лицето задолжено за материјално финансиско работење на Партијата меѓу две седници на Конгресот, по негово овластување, и
и) остварува и други должности по овластување од Конгресот, согласно законот или произлегуваат од Статутот.

**Член 61**

**(1)** Националниот одбор го сочинуваат:

- **а)** од 7 до 27 членови избрани од Конгресот од редот на неговите делегати, по предлог на претседателот на Партијата утврден по сопствена иницијатива и/или во консултација со општинските клубови и форумите на Партијата;
- **б)** од 7 до 27 членови именувани од претседателот на Партијата по сопствена иницијатива од редот на партиските членови, и
- **в)** членови по функција: претседателот на Партијата, претседателите на општинските клубови, претседателите и секретарите на форумите, пратениците, министрите и градоначалниците од Партијата.

**(2)** Предлог за разрешување на избран член на Националниот одбор може да поднесат претседателот на Партијата, извршниот одбор од кој е предложен и/или Контролниот одбор.

**(3)** Претседателот на Партијата може да разреши именуван член на Националниот одбор по сопствена иницијатива или по предлог на извршен одбор, Контролниот одбор и/или најмалку 5 членови на Националниот одбор.

**(4)** Предлог за разрешување на Националниот одбор може да поднесат претседателот на Партијата, најмалку 1/3 од вкупниот број делегати на Конгресот, Контролниот одбор или најмалку 30 извршни одбори.

**Член 62**

**(1)** Националниот одбор одржува седница најмалку еднаш на 6 месеци, по решение на претседателот на Партијата.

**(2)** Националниот одбор може да одржи седница и пред рокот утврден во ставот (1) од овој член од Статутот по барање на најмалку 1/3 од вкупниот број членови на Националниот одбор, Контролниот одбор, Претседателството, форум или најмалку 10 извршни одбори.

**(3)** Седниците на Националниот одбор ги свикува и со нив претседава претседателот на Партијата, а во случај на негова спреченост или отсуство седниците ги свикува и со нив претседава од него овластен потпретседател, согласно Статутот.

**(4)** На седниците на Националниот одбор без право на глас може да присуствуваат и членовите на Контролниот одбор и потпретседателите на форумите.

**Член 63**

**(1)** **<u>Потпретседателот</u>** го заменува претседателот на Партијата по претходно овластување од него и остварува и други права и должности доверени од претседателот на Партијата, Националниот одбор и/или Претседателството, согласно Статутот.

**(2)** Националниот одбор избира најмногу 4 потпретседатели на НОВА РЕПУБЛИКА, а по предлог на претседателот на Партијата со одлука еден од нив може да го определи за заменик на претседателот на Партијата.

**(3)** Предлог за разрешување на потпретседател на Партијата може да поднесат претседателот на Партијата, најмалку 1/3 од вкупниот број членови на Националниот одбор, најмалку 10 извршни одбори и Контролниот одбор.

**Член 64**

**(1)** **<u>Првиот секретар</u>**:

- **а)** се грижи за спроведувањето на политиките и активностите на Партијата во и преку општинските клубови;
- **б)** ги спроведува кадровските постапки во Партијата;
- **в)** ја води и ажурира евиденцијата на делегати на Конгресот и членови на Националниот, Контролниот одбор и Претседателството, и
- **г)** остварува и други права и должности што ќе му ги довери орган на Партијата или произлегуваат од Статутот.

(2) Предлог за разрешување на првиот секретар може да поднесат претседателот на Партијата, најмалку 1/3 од вкупниот број членови на Националниот одбор, најмалку 10 извршни одбори и Контролниот одбор.

**Член 65**

**Претседателството** е колективен извршно-политички орган на Националниот одбор и на НОВА РЕПУБЛИКА и тоа:

- **а)** ја следи работата на властите во РСМ меѓу две седници на Националниот одбор и за тоа утврдува ставови на Партијата;
- **б)** насочува активности на општинските клубови и форумите и за таа цел усвојува одлуки, решенија, заклучоци, директиви и упатства;
- **в)** утврдува кандидати на Партијата за функции што ги избира Владата на РСМ, по предлог на претседателот на Партијата и во консултација со општинските клубови и форумите;
- **г)** утврдува предлози на документите што ги донесува Националниот одбор односно нацрти на документите што ги донесува Конгресот;
- **д)** ги спроведува актите на Конгресот, Националниот одбор и претседателот на Партијата;
- **ѓ)** донесува одлуки од материјално-финансиски и организациски карактер;
- **е)** избира административен секретар, прес-секретар и организациски секретар;
- **ж)** остварува и други должности доверени од Националниот одбор и претседателот на Партијата или произлегуваат од законите и Статутот.

**Член 66**

**(1)** Претседателството на НОВА РЕПУБЛИКА го сочинуваат:
- **а)** од 5 до 9 избрани членови од редот на членовите на Националниот одбор, и
- **б)** членови по функција: претседателот, потпретседателите, првиот секретар на Партијата и претседателите на форумите на Партијата.

**(2)** Предлог за разрешување на избран член на Претседателството може да поднесат претседателот на Партијата, Контролниот одбор и најмалку 5 членови на Националниот одбор.

**(3)** Предлог за разрешување на Претседателството може да поднесат најмалку 1/3 од вкупниот број членови на Националниот одбор, најмалку 10 извршни одбори, претседателот на Партијата и Контролниот одбор.

**Член 67**

**(1)** Претседателството одржува седници најмалку еднаш во 3 месеци, по решение на претседателот на Партијата.

**(2)** Претседателството може да одржи седница и пред рокот утврден во ставот (1) од овој член од Статутот по барање на најмалку 3 членови на Претседателството, форум или Контролниот одбор.

**(3)** Седниците на Претседателството ги свикува и со нив претседава претседателот на Партијата, а во случај на негова спреченост или отсуство седниците ги свикува и со нив раководи од него овластен потпретседател, согласно Статутот.

**(4)** На седниците на Претседателството може да присуствуваат и претседателите на Контролниот одбор и форумите, без право на глас.

**Член 68**

**Контролниот одбор** на НОВА РЕПУБЛИКА е колективен надзорен орган на Партијата и тој:

- **а)** врши надзор врз усогласеноста на актите на органите на Партијата, општинските клубови, Градскиот клуб и форумите со актите на Партијата и Статутот со Статутот;
- **б)** врши надзор врз стекнувањето, користењето и располагањето со средствата на Партијата;
- **в)** врши вонредна контрола по барање на орган на Партијата или извршен одбор;
- **г)** избира и разрешува претседател на Контролниот одбор од редот на своите членови,
- **д)** остварува и други должности согласно законите и Статутот.

**Член 69**

(1) Контролниот одбор е составен од 3 членови избрани од Конгресот по предлог на најмалку 3 делегати. Должноста член на Контролниот одбор е неспоива со должностите член на Националниот одбор и член на надзорен одбор на ОК или на форум.

(2) Предлог за разрешување на член на Контролниот одбор може да поднесат двајца членови на Контролниот одбор или извршен одбор.

(3) Предлог за разрешување на Контролниот одбор може да поднесат претседателот на Партијата, најмалку 1/3 од вкупниот број делегати на Конгресот и Националниот одбор со одлука донесена со мнозинство од вкупниот број членови или најмалку 30 извршни одбори.

**Член 70**

(1) Контролниот одбор одржува седница најмалку еднаш во 6 месеци, по решение на претседателот на Контролниот одбор.

(2) Контролниот одбор може да одржи седница и пред рокот утврден во ставот (1) од овој член од Статутот по барање на двајца членови на Контролниот одбор, по поднесена жалба по одлука за дисциплинска мерка или по барањето од членот 68 алинеја в) од Статутот.

(3) Седниците на Контролниот одбор ги свикува и со нив претседава претседателот на Контролниот одбор, а во случај на негова спреченост или отсуство може да ги свика и со нив да претседава член на Контролниот одбор овластен од Националниот одбор.

(4) На седниците на Контролниот одбор без право на глас присуствува првиот секретар.

## IX. ИСТРАЖУВАЧКО-АНАЛИТИЧКИ ЦЕНТАР НА НОВА РЕПУБЛИКА

**Член 71**

(1) За издаваштво, комуникации и политичко образование на партиските членови, се основа „Партиски центар за анализи и комуникација – ПАЦАК“ (натаму: ПАЦАК) како **истражувачко-аналитички центар** на НОВА РЕПУБЛИКА.

(2) ПАЦАК е дел од внатрешната организација на Партијата и дејствува во согласност со Законот за партиски истражувачко-аналитички центри.

(3) Начинот на работа на ПАЦАК се уредува со Деловник за работа на ПАЦАК што го донесува Претседателството, по предлог на раководителот на ПАЦАК.

(4) Претседателот на Партијата донесува решение за назначување на раководител и вработени во ПАЦАК, со кое се утврдува и месечниот надоместок кој ќе го добиваат за својата работа.

## X. ОСТВАРУВАЊЕ КОНТРОЛА ВРЗ РАБОТАТА И ЗАКОНИТОСТА НА ПАРТИЈАТА

**Член 72**

(1) **Контрола врз работата** на НОВА РЕПУБЛИКА остваруваат нејзините органи и членови согласно Статутот и непосредно преку Контролниот одбор.

(2) **Контрола врз законитоста** во работењето на Партијата вршат и надлежните органи на Република Северна Македонија во согласност со законските прописи.

## XI. ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА НОВА РЕПУБЛИКА

**Член 73**

(1) **НОВА РЕПУБЛИКА ја претставува претседателот на Партијата** пред субјектите заинтересирани за нејзините цели, претставниците од други држави, странските организации и нивните органи и делегации и пред органите и институциите на Северна Македонија.

(2) По овластување од претседателот на Партијата или во случај на негова спреченост или отсуство, Партијата ја претставува потпретседател или член на Претседателството.

(3) За претставување на НОВА РЕПУБЛИКА пред други политички партии, коалиции или асоцијации од земјата и странство, Претседателството може да формира делегации.

**Член 74**

**(1)** Лицата кои се овластени да ја претставуваат Партијата согласно Статутот можат во рамките на нивните овластувања да овластат и трети лица како застапници на Партијата.
**(2)** Националниот одбор може да предвиди правни дејства кои претставникот на Партијата нема право да ги преземе без претходна одлука на Националниот одбор или Претседателството.

## XII. АДМИНИСТРАЦИЈА НА НОВА РЕПУБЛИКА

**Член 75**

**(1)** **Администрацијата** на НОВА РЕПУБЛИКА (понатаму: Администрацијата) извршува стручни и технички задачи за остварување на активностите на Партијата.
**(2)** По предлог на претседателот на Партијата:
- **а)** Националниот одбор донесува акти за основање и систематизација на работите и работните задачи во Администрацијата, и
- **б)** Претседателството избира административен секретар и донесува акти за ангажирање лица во Администрацијата.

**(3)** Со Администрацијата раководи административен секретар и тој ги организира седниците на органите на Партијата и остварува и други права и должности што ќе му ги доверат органите на Партијата.

**Член 76**

**(1)** Претседателот на Партијата, овластените потпретседатели, првиот секретар и административниот секретар остваруваат целосен увид во кореспонденцијата на НОВА РЕПУБЛИКА, Регистерот на партиски членовите и Списокот на регистрирани поддржувачи.
**(2)** Со печатот на Партијата располага претседателот на Партијата односно лицата овластени од него согласно Правилникот од членот 6 став (3) од Статутот.

## XIII. СРЕДСТВА НА ПАРТИЈАТА, НАЧИН НА НИВНО СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ

**Член 77**

**(1)** За остварување на своите цели и задачи, **НОВА РЕПУБЛИКА стекнува средства**, односно права на средства и со нив **располага** во согласност со Статутот и Законот.
**(2)** Партијата стекнува парични средства, имот, предмети и материјални добра од членарина, донации, приходи, подароци, дотации, Буџетот на РСМ и извори според Закон.

**Член 78**

**(1)** **Користењето и располагањето** со средствата на Партијата се врши за намени утврдени со Финансискиот план и врз основа на соодветен документ, согласно закон.
**(2)** Наредбодавачи за извршување на Финансискиот план и потписници на сметката на Партијата согласно Статутот и законот се претседателот и лицето одговорно за материјално-финансиско работење соодветно.
**(3)** Претседателството од редот на своите членови со одлука може да овласти и други потписници на сметката на Партијата (потпретседател на Партијата, прв секретар и сл.)

**Член 79**

**(1)** Физичко лице и правно лице може да даде **материјална и/или финансиска поддршка на Партијата (донација, подарок и сл.)** во согласност со Законот за финансирање на политичките партии и за нејзиното прифаќање одлучува Претседателството согласно Законот.
**(2)** Со давањето на материјалната поддршка од ставот (1) на овој член, правното односно физичкото лице не се стекнува со посебни или дополнителни права во Партијата.

**Член 80**

Националниот одбор донесува Одлука за членарината во НОВА РЕПУБЛИКА, со која се утврдува

висината, рокот и начинот на плаќање на партиската членарина.

## XIV. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### Член 81

**(1)** Во случај на **војна, воена опасност или вонредна состојба**, кога редовното работење на органите на НОВА РЕПУБЛИКА е оневозможено, правата и должностите на сите органи на Партијата преминуваат во надлежност на претседателот на Партијата.

**(2)** Претседателот на Партијата поднесува извештај за извршувањето на преземените надлежности до Националниот одбор на првата седница по престанокот на околностите од ставот (1) на овој член од Статутот.

## XV. ПРЕСТАНОК НА ПАРТИЈАТА И ПОСТАПУВАЊЕ СО НЕЈЗИНИОТ ИМОТ ПРИ ПРЕСТАНОК

### Член 82

**(1)** **Престанок** на Партијата настанува доколку за тоа одлучи Конгресот со 2/3 мнозинство од вкупниот број делегати, бројот на членови на Партијата се намали под бројот определен со Закон или настапи законска основа за забрана на работата на НОВА РЕПУБЛИКА со правосилна и извршна одлука на надлежен суд, односно на Уставниот суд на РСМ.

**(2)** По престанокот на работата и постоењето, средствата што остануваат по намирувањето на нејзините обврски се донираат во хуманитарни цели.

## XVI. ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ НА НОВА РЕПУБЛИКА

### Член 83

**(1)** По иницијатива на секој партиски член или орган на општински клуб, форум и на Партијата, секој извршен одбор или орган на Партијата може да поднесе **предлог за измени и дополнувања на Статутот** на НОВА РЕПУБЛИКА и по него Претседателството дава мислење во рок од 30 дена.

**(2)** Националниот одбор одлучува за прифатливоста на предлогот од ставот (1) на овој член од Статутот на следната седница.

**(3)** Доколку го прифати предлогот од ставот (1) на овој член од Статутот, Националниот одбор отвора јавна расправа по предлогот за измени и дополнувања на Статутот (натаму: јавна расправа) во траење од 30 дена.

**(4)** Јавната расправа ја води и сумира Претседателството и врз основа на истата утврдува предлог на одлуката за измени и дополнувања на Статутот.

**(5)** Статутот на НОВА РЕПУБЛИКА и неговите измени и дополнувања се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на органот надлежен за нивното донесување.

## XVII. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

### Член 84

**Во рок од 6 месеци од донесувањето на Статутот**, надлежните органи на НОВА РЕПУБЛИКА согласно Статутот донесуваат:

**а)** Одлука за образецот на Пристапницата;
**б)** Одлука за образецот на партиската легитимација;
**в)** Правилник за водењето евиденција на партиските членови и регистрираните поддржувачи;
**г)** Правилник за изработката, чувањето и употребата на печатот и штембилот на Партијата,
**д)** Одлука за отворање веб-страна и профили на Партијата на социјалните мрежи;
**ѓ)** Кодекс на НОВА РЕПУБЛИКА, и
**е)** Одлука за утврдување на партиската химна на Партијата.

**Член 85**

**<u>Статутот се применува</u>** во органите на ОК и на НОВА РЕПУБЛИКА со неговото донесување.

## XVIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 86**

**<u>Толкување</u>** на одредбите на Статутот дава Националниот одбор на седница.

**Член 87**

**<u>Прашањата што не се утврдени со Статутот</u>** ќе ги уреди Претседателството согласно законите на Република Северна Македонија.

**Член 88**

**<u>Статутот влегува во сила</u>** со впишувањето на Политичката партија НОВА РЕПУБЛИКА во Судскиот регистар на политички партии.

***Скопје, 21 август 2025 година***

**ОСНОВАЧКИ КОНГРЕС НА ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЈА НОВА РЕПУБЛИКА**
**Претседател на Работното претседателство,**
***Петар Горобински, с.р.***

**ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА НОВА РЕПУБЛИКА**
**Претседател,**
***Ивон Величковски, с.р.***